Архивски број: 08-469/6
17-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-469/1 од 18.08.2023 година поднесена од [redacted] на Општина Врапчиште, со седиште на [redacted] против [redacted] со седиште на [redacted] Скопје, претставувано од претседател [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија, бр. 258/2020), на 16.10.2023 година го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на личен или општествен статус во областа на членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на [redacted] од Скопје, кон Здружение на пензионери и инвалиди на трудот на Општина Врапчиште.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-469/1 од 18.08.2023 година, од подносителот [redacted] на Општина Врапчиште (во понатамошниот текст: Здружението), преку [redacted] против [redacted] на Македонија, претставувано од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус - место на живеење на членови на Здружение на пензионери и инвалиди на трудот, во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство.

Во поднесената претставка и доуредувањето на истата се наведува дека како резултат на незадоволството од работата на претседателот на [redacted], произлегла иницијатива според потребите на пензионерите на Општина Врапчиште, за формирање, односно регистрирање на [redacted]

[redacted] на Општината Врапчиште. Сите потребни документи основачите ги доставиле до Фонд на пензиското и нвалидското осигурување и до [redacted] на Македонија, како би станале 54та членка на Сојузот и на сметката на новоформираното здружение на пенизонери на Општина Врапчиште да се префла членарината која според наводите во претставката, Фондот на пензиското и нвалидското осигурување ја запирал и ја префрлал на сметка на Сојузот, без согласност на членовите на здружението. Но од страна на [redacted] укажано е дека согласно донесени нивни внатрешни одлуки за членка на Сојузот може да биде примено здружение ако бројот на негови членови е најмалку 2000 члена. Воедно побарани се и исписници за оние пензионери кои се веќе членови на Здружение на пензионери Гостивар, а кои сакаат да бидат членови на [redacted] на Општина Врапчиште. Во претставката се наведува дека покрај овие лица, од страна на новоформираното здружение собрани се 260 пристапници, односно писмени изјави од пензионерите на територијата на Општина Врапчиште за која се наведува дека е мултиетничка и мултиконфесионална средина. [redacted] на Општина Врапчиште ја истакнува потребата да станат рамноправна членка на Сојузот со цел да им се префрла членарина која им се запира секој месец, а за тековно работење со цел пенизонерите да имаат поблизок пристап кон нивните права, обврски и бенефиции.

На 19.09.2023 година, Комисијата испрати Барање за произнесување по наводи во претставка до [redacted] ( во понатамошниот текст: [redacted] ), заведено под број 08-469/4. Одговор на барањето од страна на Сојузот е примен во Комисијата на 02.10.2023 година. Во Одговорот се наведува дека во Сојузот се здружени 53 здруженија на пензионери, главно од поголемите и средно големите општини во Република Северна Македонија, со околу 325.000 членови – пензионери. Пензионерското организирање во здруженија и Сојуз во одредена мера е специфично во однос на нивното основање бидејќи и за Сојузот и за здруженијата членки на истиот се применуваат два закона и тоа Закон за здруженија и фондации и Закон за пензиското и инвалидското осигурување. Воедно Сојузот има Статут, а согласно член 15 од истиот меѓудругото Сојузот одлучува за здружување и раздружување на здруженија членки на Сојузот.

Понатаму во произнесувањето се наведува дека Сојузот одлучува самостојно за условите и начинот на здружување кои се децидно утврдени со член 4 од Статутот согласно кој: "Во Сојузот може да се здружат здруженија во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија кои се регистрирани во Централен регистар и го прифаќаат Статутот и другите акти на Сојузот и ги почитуваат и спроведуваат одлуките на Сојузот."

Воедно се наведува дека во [redacted] можат да бидат примени здруженија на пензионери основани на подрачје на општина на која дотогаш немало такво здружение ако бројот на членовите на новото здружение изнесува најмалку 2000 членови.

Во одговорот се наведува дека, посебно е важно да има список на членови во здружението поткрепен со пристапници потпишани од секој пензионер, како доказ за бројот на членството. Доколку евидентираните пензионери од општината од која е поднесено барањето за прием во членство во Сојузот – во случајот со општина Врапчиште, кој со последната доставена евиденција од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување за месец август 2023 година има евидентирано 633 пензионери, а истите претходно биле евидентирано во најблиското општинско здружение на пензионери ( во овој случај Здружение на пензионери Гостивар ) – потребно е да достават исписница од дотогаш за нив матичното здружение, како би можеле истите да се земат предвид за обезбеувување на потребната евиденција и број од 2000 членови, услов за прием во членство во Сојузот. Но, земено предвид тврдењето на [redacted] на Општина Врапчиште дека има над 260 пристапници, всушност не може да го задоволи условот од 2000 членови и да обезбеди членство во Сојузот. Но, доколку ова здружение обезбеди пристапници и исписници за сите евидентирани пензионери од општината односно 633 повторно ќе го немаат потребниот број од 2000 членови за прием во членство во Сојузот.

Во Одговорот понатаму се наведува дека од одредбите од Закон за здруженија и фондации[1] и Закон за пензиското и инвалидско осигурување[2] произлегуваат и му даваат правна основа на [redacted] во својот Статут и други одлуки да ги определува условите и критериумите за здружување на здруженијата во овој Сојуз. Врз основа на член 4 и член 15 од Статутот на Созјузот, Собранието на Сојузот има донесено Одлука на 31.01.2020 година[3] поконретно кои здруженија на пензионери можат да бидат примени за членки во Сојузот и тоа ако бројот на членовите на здружението изнесува најмалку 2000 членови како оптимален услов за реализација на целите и активностите на таквото здружение, а не средствата да се користат самоз а надоместоци на членовите на органите и телата на здруженијата. Исто така Одборот на регистриранaта организација за солидарен фонд и членарина на 31.01.2020 година донел Одлука за начин на регулирање, ажурирање и усогласување на евиденцијата на пензионерите членки на сојузите на пензионери на Македонија во која во член 2 е уредено дека: *Во Сојузите на пензионери на Македонија може да бидат примени здруженија на пензионери основани на подрачје на општина, на која дотогаш немало такво здружение ако бројот на членовите на новото здружение изнесува најмалку 2000 члена. Членувањето во здружението од став 1 на овој член се утврдува со пристапници и истапници на членот – пензионер. На подрачјето на*

[1] ("Службен весник на РМ", бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и "Службен весник на РСМ", бр. 239/2022)

[2] ("Службен весник на РМ", бр. 98/2012; 166/2012; 15/2013; 170/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 113/2014; 160/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 97/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 173/2015; 217/2015; 27/2016; 120/2016; 132/2016; 27/2018; 35/2018; 220/2018; 245/2018 и "Службен весник на РСМ", бр. 180/2019; 275/2019; 31/2020; 267/2020; 67/2022; 79/2023)

[3] Собранието на Сојуз на здруженија на пенизонери на Македонија има донесено Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за условите за прием во членство во СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионерите бр. 02-01/100-8 од 10.07.2020 година, а Одборот на Регистрирана организација за солидарен фонд и членарина има донесено Одлука за начин на регулирање, ажурирање и усогласување на евиденцијата на пензионерите членки на сојузите на пензионерите на Македонија број 02.06/28-3 од 31.01.2020 година

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*општината во која не постои здружение, корисниците на пензија правото на пензионерско организирање го остваруваат односно с ерегистрираат во здружение кое територијално е најблиску.*

Врз основа на сето наведено, Сојузот наоѓа дека наводите во поднесената претставка за заштита од дискриминација се неосновани дека е интенција во секоја единица на локалната самоуправа да има здружение на пензионери со што се губи оптималниот услов за реализација на целите и активностите на таквото здружение. Со здружувањето во Сојузот, здруженијата не ја губат својата автономност, односно секое здружение има Статут, Програма за работа и Финансиски план и самостојно ги донесуваат одлуките за своето работење. Здруженијата на пензионери како самостојни субјекти се одговорни за своето работење и за наменско користење на средствата добиени од членарината, бидејќи истите се обезбедуваат од самите пензионери.

Имено, според член 20 од Уставот на Република Северна Македонија *„На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат."*

Во член 3 став (1) точка 1 од Закон за здруженија и фондации е дефинирано дека *„Организација" е секое здружение, фондација, сојуз, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно со одредбите од законот.* Во член 10 од законот се предвидува дека *организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.* , а во член 15 е јасно уредено дека *здружение можат да основаат физички и правни лица. Здружение можат да основаат најмалку пет основачи од кои тројца од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Македонија.*

Согласно член 115 од Закон за пензиското и иналидското осигурување, *на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина).* Во член 116 став (1) е уредено дека *издвојувањето на посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензија, месечно, при исплата на пензијата, освен од семејната пензија на дете остварена по основ на школување.* Во став (2) од истиот член се уредува дека *висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртна помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, како и начинот на располагање со слободните а неискористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Македонија.* Став (4) од истиот член предвидува дека *средствата по основ на членарина Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги дозначува на сметката што ја определува регистрираната организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.* Член 117 став (1) од истиот закон предвидува дека *исплата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици.*

Согласно член 4 од Статутот на СЗПМ *Во Сојузот може да се здружуваат здруженија во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија кои се регистрирани во Централниот регистар и го прифаќаат Статутот и другите акти на Сојузот и ги почитуваат и спроведуваат одлуките на Сојузот.* Во член 15 како една од надлежностите на Собранието на СЗПМ, предвидено е *одлучување за здружување и раздружување на здруженијата во Сојузот.*

Согласно сето погореизнесено, односно врз основа на утврдената фактичка состојба констатирана од наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата најде дека спрема Здружението на пензионери и инвалиди на трудот на Општина Врапчиште е сторена индиректна дискриминација по основ на лично својство и општетсвен статус, односно место на живеење на членови на здружението, во обласна на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство од страна на [redacted] и [redacted] од Скопје. Со ова се исполнети елементите на индиректна дискриминација како што е уредена со член 8 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој *Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.*

Имено, Собранието на [redacted] има донесено Одлука на 31.01.2020 година поконретно кои здруженија на пензионери можат да бидат примени за членки во Сојузот, па во член 2 од оваа Одлука е предвидено дека за прием во членство на СЗПМ на новоосновани здруженија на пензионери во општина во која нема формирано здружение, бројот на членовите треба да биде 2000. Овој услов е предвиден и во член 2 од Одлуката за начин на регулирање, ажурирање и усогласување на евиденцијата на пензионерите членки на сојузите на пензионерите на Македонија донесена од Одборот на регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. Со овие Одлуки се дерогираат Законот за здруженија и фондации и самиот Статут на СЗПМ, конкретно член 4 од истиот во кој е уредено дека *во Сојузот може да се здружуваат здруженија во кои членуваат корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија, кои се регистрирани во Централен регистар и го прифаќаат Статутот и другите акти на Сојузот и ги почитуваат и спроведуваат одлуките на Сојузот.* Дополнително, во СЗПМ членуваат здруженија на пензиоери од повеќе општини во кои бројот на членови е недвосмислено помал од предвидениот со

погоренаведените Одлуки што значи доведување во нееднаква положба на корисниците на правото на пензија, односно членовите на здруженијата кои веќе пристапиле кон СЗПМ и оние кои бараат да пристапат кон него. Ова пак повлекува неможност за ползување на низа права и погодности кои се достапни за членовите на здруженијата кои се членки на СЗПМ за разлика од оние кои не се нејзини членки. Исто така во однос на барањето на Сојузот, пензионерите кои се или биле членови на [redacted] Гостивар да достават исписница од дотогаш за нив матичното здружение, како би можеле истите да бидат земени предвид во евиденција на новоформираното [redacted] на Општина Врапчиште, истото е уредено со Одлука за начинот на регулирање, ажурирање и усогласување на евиденцијата на пензонерите членки на сојузите на пензионери на Македонија, конкретно член 4 и член 5 од истата, донесена од Одбор на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина (во понатамошниот текст: ОРО). Имено во член 4 став (4) од Одлуката се наведува дека *Доколку матичното здружение не даде согласност во писмена форма во рок од 15 дена, новоформираното здружение по истек на 15 дена од денот на поднесување на барањето за согласност, списокот или спогодбата со писмено образложение го доставува до ОРО, за донесување на одлука по барањето*. Во член 5 став (1) се уредува дека *Ако ОРО од документацијата констатира дека наводите и постапката за миграција на членство се во согласност со член 4 од Одлуката, ОРО дава согласност односно донесува одлука за мигрирање на членството*.

Од овие причини, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

## П Р Е П О Р А К И

1. СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] да ги поништи Одлуката бр. 02-01/100-8 на Собранието на Сојузот од 10.07.2020 година и Одлука бр. 02.06/28-3 на Одбор на Регистрирана организација за солидарен фонд и членарина од 31.01.2020 година, а кои резултирале со индиректна дискриминација спрема [redacted] на Општина Врапчиште и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење
2. СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] доследно да го применува член 4 од [redacted] и инвалиди на трудот на Општина Врапчиште да му овозможи остварување на законски утврдените права на еднаква основа со другите здруженија така што ќе изврши прием во членството на Здружението во Сојузот и за истотото писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.

3. СЕ ПРЕПОРАЧУВА [redacted] во иднина да се воздржи од дејствија кои претставуваат било каков облик на дискриминација кон здруженијата кои се постојни членки на Сојузот, како и здруженија кои би поднеселе барање за членство во истиот.

[redacted], претставувано од [redacted] од Скопје, треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
17.10.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од Дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
1. [redacted]
4. Архива на КСЗД